АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.04-62/19

20.01.2020 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, Илија Николовски врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/2019, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место Соработник-лице за односи со јавност и човечки ресурси - 1 извршител, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 17.01.2020 година, на ден 20.01.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место Соработник-лице за односи со јавност и човечки ресурси - 1 извршител, се избира кандидатот:

1. **МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКИ со шифра бр.СУД0219СЛОЈЧР06**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Апелациониот суд Битола во дневните весници „ Вечер " и ,, Лајме " од 11.12.2019 година, објавен е Јавен оглас бр.2/2019 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното место Соработник-лице за односи со јавност и човечки ресурси 1-извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 17.01.2020 година.

Со ранг листата за работното место судски соработник , Комисијата за избор на судски службеници го предложи кандидатот Марија Гроздановски со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 17.01.2020 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го

прифати и одлучи за работното место судски соработник да биде избран кандидатот Марија Гроздановски од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласна табла на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Илија Николовски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба